Healing and Support
ZIMMERMAN SERVICE

**Office of Safeguarding (Канцеларија за заштита)**
**Диоцеза на Мејтланд-Њукасл**
5 Selma St, Newcastle West NSW 2302
PO Box 152, Mayfield NSW 2304
**Телефон** 02 4923 0636
**Имејл** healing.support@mn.catholic.org.au

29142

Healing and Support
ZIMMERMAN SERVICE



# Заздравување
# и поддршка

www.officeofsafeguarding.org.au

## Заздравување и поддршка

Службата за заздравување и поддршка обезбедува поддршка на лицата кои биле изложени на сексуална злоупотреба како деца или возрасни, направена од тие кои биле вработени или биле во служба на Диоцезата на Мејтланд-Њукасл. Ова ја вклучува работата со злоупотребените лица и со нивните партнери, родители, браќа и сестри или деца. Службата за заздравување и поддршка дејствува како застапник на лицето и во Диоцезата и во поширокиот заедница.

> Заздравувањето е патување - процес, а не настан. ПРЕЖИВЕАН

## Што ние работиме

Службата за заздравување и поддршка работи директно со поединци, за да го поддржи и промовира нивното лично и единствено патување кон заздравување, што може да вклучува:

- средба со лицето и олеснување на советување со надворешни советници по потреба
- давање поддршка на лицето да даде изјава на полицијата или на други официјални служби кога тој/таа ја открива злоупотребата
- поддршка на лицето, неговото семејство и пријатели низ кривичниот процес при нивното барање правда или низ граѓански процес во барање на обештетување
- застапување во Диоцезата или пред други црковни власти во име на лицето или на групи луѓе врз кои имало негативно влијание
- поддршка на лицето и на неговото семејство низ периоди на вознемиреност предизвикана од физичка, емоционална или духовна криза
- создавање мрежи за поддршка и поврзување со надворешни мрежи во име на лицето.